# Брокерска куќа МОЈ БРОКЕР АД -Скопје

**Финансиски извештај**
**за годината што завршува на**
**31 декември 2012 година и**
**Извештај на независните ревизори**

Мај, 2013, Куманово

РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ ТП
Ул.Доне Божинов бр.29
1300 Куманово
Тел/факс (+ 389 31) 413-444
Моб: (+389 71) 234 -569
e-mail: revizijaandonovski@yahoo.com

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**ДО АКЦИОНЕРИТЕ И ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА**
Брокерска куќа МОЈ БРОКЕР АД СКОПЈЕ

Ние извршивме ревизија на приложените финансиските извештаи (стр.1 до 4) Брокерска куќа МОЈ БРОКЕР АД СКОПЈЕ (во понатамошниот текст "Друштвото"), што се состојат од Извештај за сеопфатна добивка Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2012 година, Извештај за промени во главнината и Извештај за паричните текови и Прегледот на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*
Раководството и менаџментот се одговорни за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се применуваат во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали истото е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во дадените околности.

*Одговорност на ревизорот*
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија на Република Македонија и Меѓународните стандарди за ревизија кои се применуваат во Р. Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на се́вкупното презентирање на финансиските извештаи.

(продолжува)

РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ ТП
Ул.Доне Божинов бр.29
1300 Куманово

Тел/факс (+ 389 31)413-444
Моб: (+389 71) 234 -569
e-mail: revizijaandonovski@yahoo.com

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**ДО АКЦИОНЕРИТЕ И ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА**
Брокерска куќа МОЈ БРОКЕР АД СКОПЈЕ- (продолжение)

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење, наведените финансиски извештаи, во сите материјални погледи, ја претставуваат реално и објективно финансиската состојба на Брокерската куќа Мој Брокер АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2012 година, резултатите од работењето, како и паричните текови и промените во главнината за годината што завршува тогаш, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се применуваат во Република Македонија.

Обрнување на внимание

Без да го квалификуваме нашето мислење. Обрнуваме внимание на Белешката 2.4 кон финансиските извештаи, во која е наведено дека за годината која завршува на 31 декември 2012 година, Друштвото остварува минимални приходи од своето оперативно работење како и работење со значајни негативни финансиски резултати од 722 илјади денари (2011 година 49 илјади денари). Овие услови укажуваат на постоење на идна неизвесност во работењето на Друштвото.

Ревизија Андоновски ТП

Ката Андоновска
Овластен ревизор
Директор

Куманово
08.05.2013год.

Ката Андоновска
Овластен ревизор

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТАНА ДОБИВКА**
**За Година што завршува на 31 декември 2012**
**(во илјади Денари)**

| | Белешки | 31 декември 2012 | 31 декември 2011 |
|---|---|---|---|
| Приходи од надомести и провизии | 3.1;8 | 1.147 | 1.444 |
| Расходи од надомести и провизии | 3.2;8 | (228) | (254) |
| **НЕТО ПРИХОДИ ОД НАДОМЕСТИ И ПРОВИЗИИ** | | **919** | **1.190** |
| Приходи од камати | 3.1;9 | 143 | 168 |
| Нето останати приходи/расходи | 10 | 40 | 283 |
| **ВКУПНО ДЕЛОВНИ ПРИХОДИ** | | **1.102** | **1.641** |
| Адмонистративни трошоци | 11 | (620) | (673) |
| Амортизација | 3.5;3.6; 14;15 | (419) | (436) |
| Останати деловни расходи | 3.2;12 | (784) | (581) |
| **ВКУПНО ДЕЛОВНИ РАСХОДИ** | | **(1.824)** | **(1.690)** |
| **ДОБИВКА / ЗАГУБА ПРЕДО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **3.4;13** | **(722)** | **(49)** |
| **Данок од добивка** | **3.4;13** | **-** | **-** |
| **НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА)** | | **(722)** | **(49)** |
| Останата сеопфатна добивка | | | |
| Ефект од ревалоризација од недвижности и опрема | | - | - |
| Усогласување на објективна вредност на хартии од вредност расположливи за продажба | | - | - |
| Реклацификација во добивки и загуби | | - | - |
| Останата сеопфатна добивка за годината | | - | - |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | (722) | (49) |
| **Добивка / загуба за сопственицте** | | **(722)** | **(49)** |
| **Вкупна сеопфатна добивка за сопствениците** | | **(722)** | **(49)** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите

Одобрено и потпишано од

Г-дин Зоран Мајнов
Извршен директор

МОЈ БРОКЕР АД Скопје

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА**
**За Година што завршува на 31 декември 2012**
**(во илјади Денари)**

| | Белешки | 31 декември 2012 | 31 декември 2011 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Долгорочни средства | | | |
| Нематеријални средства | 3.5;14 | 432 | 315 |
| Недвижности, постројки и опрема | 3.6;15 | 373 | 272 |
| Вложувања | | 12 | - |
| **Вкупно долгорочни средства** | | **817** | **587** |
| Тековни средства | | | |
| Парични средства | 3.8;16 | 3.973 | 4.065 |
| Останати побарувања | 3.9;17 | 128 | 201 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4.101** | **4.266** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **4.918** | **4.853** |
| **СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА** | | | |
| Акционерски капитал | 3.10;19 | 5.306 | 5.306 |
| Резерви | 19 | 637 | - |
| Акумулирани загуби | 3.10;19 | (639) | (590) |
| Добивка (загуба) за финансиска година | 20 | (722) | (49) |
| **Вкупно сопственичка главнина** | | **4.582** | **4.667** |
| **ОБВРСКИ** | | | |
| Тековни обврски | | | |
| Обврски кон добавувачи | 3.12;21 | 275 | 153 |
| Останати тековни обврски | 21 | 61 | 33 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | | **336** | **186** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И СОПСТВЕНИЧКА ГЛАВНИНА** | | **4.918** | **4.853** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите

Одобрено и потпишно од

Г-дин Зоран Мајнов
Извршен директор

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА

**Година што завршува на 31 декември 2012**
**(Во илјади денари)**

| | Основна главнина | Ревалоризациони резерви | Акумулирана добивка/ загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 јануари 2011 | 5.306 | - | (590) | 4.716 |
| Нето добивка/ загуба за годината | - | - | (49) | (49) |
| Сеопфатна добивка за годината | - | - | - | - |
| Ефект од ревалоризација на НПО | | | | |
| Рекласификација во добивки и загуби | - | - | - | - |
| Останата сеопфатна добивка | - | | | |
| Вкупно сеопфатна добивка | - | - | - | - |
| 31 декември 2011 | 5.306 | - | (639) | 4.667 |
| Нето добивка/загуба за годината | - | - | (722) | (722) |
| Останата сеопфатна добивка за годината | - | - | - | - |
| Ефект од ревалоризација на НПО | - | 637 | - | 637 |
| Законска резерва | - | - | - | - |
| Останата сеопфатна добивка | - | 637 | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | - | 637 | - | - |
| **31 декември 2012** | 5.306 | 637 | (1.361) | 4.582 |

*Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите*

Одобрено и потпишано од:

Г-дин Зоран Манов
Извршен директор

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**Година што завршува на 31 декември 2012**
**(Во илјади денари)**

| **Позиција** | | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| Нето добивка / загуба пред оданочување | | (722) | (49) |
| Амаортизација | | 419 | 436 |
| Побарувања по деловни односи (зголемени) | | 73 | (173) |
| Обврски спрема добавувачи( заголемени | | 122 | (24) |
| Останати тековни обврски (зголемени/ намалени) | | 28 | (435) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | | **(80)** | **(245)** |
| **Парични текови од инвестициони активности** | | | |
| Нови набавки | | - | (44) |
| **Нето парични текови од инвестициони активности** | | - | **(44)** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Краткорочни кредити | | - | - |
| Вложување во хартии од вредност | | (12) | (12) |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | | **(12)** | **(12)** |
| **Нето зголемување / намалување на парични средства** | **3.8;16** | **(92)** | **(301)** |
| **Парични средства на почеток на годината** | **3.8;16** | **4.065** | **4.366** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **3.8;16** | **3.973** | **4.065** |

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите

Одобрено и потпишано од

Г-дин Зоран Мајнов
Извршен директор

МОЈ БРОКЕР АД Скопје